Архивски број: 08-453/3
Дата: 15-09-2023

По претставката за заштита од дискриминација со бр. 08 – 453/1 од 07.08.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје со живеалиште на ул. „[redacted] во име на [redacted] против Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Федерација за лизгачки спортови, Агенција за млади и спорт, Македонски олимписки комитет и судијка [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 15.09.2023 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

### за запирање на постапка заради судска постапка за истата работа

**СЕ ЗАПИРА** постапката започната по претставка заведена под бр. 08 – 453/1 од 07.08.2023 година, поднесена од [redacted], во име на [redacted] против Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Федерација за лизгачки спортови, Агенција за млади и спорт, Македонски олимписки комитет и судијка [redacted] **заради судска постапка за дискриминација за истата работа**.

## О б р а з л о ж е н и е

На 07.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 453/1, поднесена од [redacted], во име на [redacted] против Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Федерација за лизгачки спортови, Агенција за млади и спорт, Македонски олимписки комитет и судијка [redacted]

Подносителот ја поднел претставката во име на своите ќерки [redacted] заради сторена дискриминација кон нив во областа на спортот. Подносителот тврди дека тие се континуирано дискриминирани од страна на одговорните лица во Федерацијата на лизгачки спортови. Дејствијата на дискриминација кулминирале со донесување на Одлука за исклучување од репрезентација од страна на Федерацијата на лизгачки спортови, со која ќерките на подносителот биле исклучени од репрезентативниот состав. Во претставката се наведува дека и по враќањето на спортистките во репрезентативниот состав, дејствијата на дискриминација од посочените дискриминатори продолжуваат. Меѓу дејствијата на дискриминација се наведени доделување на стипендии, избор на тренери, учество на спортски кампови, учество на првенства итн. Освен Федерацијата

на лизгачки спортови, како дискриминатори се посочуваат Македонски олимписки комитет и Агенција за млади и спорт. Освен наведените, подносителот тврди дека Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во текот на постапката за заштита од дискриминација по претходно поднесена претставка од негова страна, извршила дискриминација со тоа што неправилно ги утвдила фактите на случајот и погрешно ги ценела доказите, што довело до одлука која не е во полза на подносителот. Подносителот тврди дека на тој начин Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја поттикнала Федерацијата на лизгачки спортови да продолжи со дискриминацијата. Воедно, подносителот ја посочува како дискриминатор и судијката [redacted] поради тоа што со судската пресуда е утврдена дискриминација, но не и практичен начин истата да се сопре. Во оваа насока подносителот појаснува дека судот не можел да ја укине Одлуката за исклучување од репрезентација на Федерацијата на лизгачки спортови, со образложение дека судовите согласно законот не може да спречат одлука на здружение на граѓани.

Имајќи го предвид фактот што подносителот иницирал судска постапка за заштита од дискриминација, во која е донесена Пресуда на Основен граѓански суд Скопје XXXVI П4 – 970/21 од 22.03.2023 година, како и фактот што со истата судот го задолжил тужениот – Федерација на лизгачки спортови во иднина да се водржи од дискриминаторски дејствија со кои ќе го попречува правото на еднаков третман на тужителките [redacted] на учество во репрезентативниот состав и натпреварување на национално и регионално ниво и ќе овозможи еднаков третман и учество на сите тренинзи, кампови, национални и меѓународни натпревари, под исти услови како и за другите учесници кои се бават со лизгачки спортови и се членови на клубовите кои се здружени во Федерацијата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да непостапува по претставката, согласно **член 27, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Комисијата носи заклучок за непостапување или за запирање на постапката по претставката во случај кога постапката пред судот за истата работа е веќе поведена или се поведува во тек на постапката или правосилно е завршена и за тоа го известува подносителот на претставката.“*

Во однос на наводите за дискриминација кои се однесуваат на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, се известува подносителот дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Согласно членот 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, каде што таксативно се набројани законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да ја оценува сопствената работа. Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не може да постапува по однос на конкретните наводи.

Врз основа на тоа, доколку подносителот смета дека му е повредено правото на еднаквост од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, го упатуваме да се обрати до Народниот правобранител, во согласност со член 2, став 1 од Законот за народен правобранител.

Во однос пак на наводите за дискриминација кои се однесуваат на судијката Цветанка Сиљановска Костадиновска, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема надлежност да ја оценува работата на судиите и нивното поединечно постапување во судските постапки, да ја оценува судската пракса, ниту поединечните судски пресуди.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје,
15.09.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 – 453/3
Дата: 15-09-2023

По претставката за заштита од дискриминација со бр. 08 – 453/1 од 07.08.2023 година, поднесена од Александар Прилепчански од Скопје со живеалиште на ул. „Партизански Одреди“ бр. 37/38, во име на Деана Прилепчанска и Ангела Прилепчанска против Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Федерација за лизгачки спортови, Агенција за млади и спорт, Македонски олимписки комитет и судијка Цветанка Сиљановска Костадиновска, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 15.09.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
### за запирање на постапка заради судска постапка за истата работа

**СЕ ЗАПИРА** постапката започната по претставка заведена под бр. 08 – 453/1 од 07.08.2023 година, поднесена од Александар Прилепчански, во име на Деана Прилепчанска и Ангела Прилепчанска против Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Федерација за лизгачки спортови, Агенција за млади и спорт, Македонски олимписки комитет и судијка Цветанка Сиљановска Костадиновска **заради судска постапка за дискриминација за истата работа**.

### Образложение

На 07.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 453/1, поднесена од Александар Прилепчански, во име на Деана Прилепчанска и Ангела Прилепчанска против Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Федерација за лизгачки спортови, Агенција за млади и спорт, Македонски олимписки комитет и судијка Цветанка Сиљановска Костадиновска.

Подносителот ја поднел претставката во име на своите ќерки Ангела Прилепчанска и Деана Прилепчанска заради сторена дискриминација кон нив во областа на спортот. Подносителот тврди дека тие се континуирано дискриминирани од страна на одговорните лица во Федерацијата на лизгачки спортови. Дејствијата на дискриминација кулминирале со донесување на Одлука за исклучување од репрезентација од страна на Федерацијата на лизгачки спортови, со која ќерките на подносителот биле исклучени од репрезентативниот состав. Во претставката се наведува дека и по враќањето на спортистките во репрезентативниот состав, дејствијата на дискриминација од посочените дискриминатори продолжуваат. Меѓу дејствијата на дискриминација се наведени доделување на стипендии, избор на тренери, учество на спортски кампови, учество на првенства итн. Освен Федерацијата

на лизгачки спортови, како дискриминатори се посочуваат Македонски олимписки комитет и Агенција за млади и спорт. Освен наведените, подносителот тврди дека Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во текот на постапката за заштита од дискриминација по претходно поднесена претставка од негова страна, извршила дискриминација со тоа што неправилно ги утврдила фактите на случајот и погрешно ги ценела доказите, што довело до одлука која не е во полза на подносителот. Подносителот тврди дека на тој начин Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја поттикнала Федерацијата на лизгачки спортови да продолжи со дискриминацијата. Воедно, подносителот ја посочува како дискриминатор и судијката Цветанка Сиљановска Костадиновска поради тоа што со судската пресуда е утврдена дискриминација, но не и практичен начин истата да се сопре. Во оваа насока подносителот појаснува дека судот не можел да ја укине Одлуката за исклучување од репрезентација на Федерацијата на лизгачки спортови, со образложение дека судовите согласно законот не може да спречат одлука на здружение на граѓани.

Имајќи го предвид фактот што подносителот иницирал судска постапка за заштита од дискриминација, во која е донесена Пресуда на Основен граѓански суд Скопје XXXVI П4 – 970/21 од 22.03.2023 година, како и фактот што со истата судот го задолжил тужениот – Федерација на лизгачки спортови во иднина да се водржи од дискриминаторски дејствија со кои ќе го попречува правото на еднаков третман на тужителките Деана Прилепчанска и Ангела Прилепчанска на учество во репрезентативниот состав и натпреварување на национално и регионално ниво и ќе овозможи еднаков третман и учество на сите тренинзи, кампови, национални и меѓународни натпревари, под исти услови како и за другите учесници кои се бават со лизгачки спортови и се членови на клубовите кои се здружени во Федерацијата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да непостапува по претставката, согласно **член 27, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Комисијата носи заклучок за непостапување или за запирање на постапката по претставката во случај кога постапката пред судот за истата работа е веќе поведена или се поведува во тек на постапката или правосилно е завршена и за тоа го известува подносителот на претставката.“*

Во однос на наводите за дискриминација кои се однесуваат на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, се известува подносителот дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Согласно членот 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, каде што таксативно се набројани законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да ја оценува сопствената работа. Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не може да постапува по однос на конкретните наводи.

Врз основа на тоа, доколку подносителот смета дека му е повредено правото на еднаквост од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, го упатуваме да се обрати до Народниот правобранител, во согласност со член 2, став 1 од Законот за народен правобранител.

Во однос пак на наводите за дискриминација кои се однесуваат на судијката Цветанка Сиљановска Костадиновска, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема надлежност да ја оценува работата на судиите и нивното поединечно постапување во судските постапки, да ја оценува судската пракса, ниту поединечните судски пресуди.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје,
15.09.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- Александар Прилепчански со адреса на ул. „Партизански Одреди“ бр. 37/38, 1000 Скопје